# Меѓународно приватно право

| Прилог бр.3 | | Предметна програма од прв циклус на студии | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | МЕЃУНАРОДНО ПРИВАТНО ПРАВО | | | |
| 2. | Код | 50807 | | | |
| 3. | Студиска програма | Правни студии | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно - институт, катедра, оддел) | Правен Факултет „Јустинијан Први” во Скопје, Катедра за меѓународно приватно право | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Прв циклус | | | |
| 6. | Академска година /семестар | Трета година / шести семестар | 7. | Број на ЕКТС- кредити | 7 кредити |
| 8. | Наставник | д-р Тони Дескоски, редовен професор<br>д-р Вангел Доковски, вонреден професор<br>д-р Илија Руменов, доцент | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | Согласно Одлука за правила на студирање на Правниот факултет „Јустнијан Први“ во Скопје, УКИМ | | | |
| 10. | Цели на предметната програма (компетенции):<br><br>Меѓународното приватно право претставува една од правните гранки кои се во зенитот на својот развој во правната теорија и практика. Во секојдневните граѓанскоправни односи се јавува странски елемент, кој предизвикува повикување на меѓународното приватно право за регулирање на настанатите односи. Преку странскиот елемент, во услови на глобализација, задолжителната примена на домашното, национално, право го отстапува своето место на меѓународното приватно право. На тој начин се создава процес на координација на правните системи кој води до постојана потреба од образован кадар кој ќе одговори на модерните правни предизвици. Материјата на меѓународното приватно право е една од најразвиените области во правната наука како на територијата на поранешна Југославија, така и денес во македонската правна наука. Четири главни целини се предмет на изучување на меѓународното приватно право и тоа: 1. Државјанството; 2. Правната положба на странците; 3. Судирот на законите и 4. Судирот на јурисдикциите.<br>Наставната програма меѓународно приватно право, ќе им овозможи на студентите самостојно да ги разликуваат приватноправните односи во кои нема странски елемент, од приватноправните односи во кои се појавил странски елемент. Притоа, студентите ќе можат и самите да ги идентификуваат појавните облици на странскиот елемент, но и самостојно да го користат колизиониот метод. По успешно завршување на наставната програма, студентите ќе можат самите да определуваат меродавно право за статусните, стварноправните, договорните, вондоговорните, семејните, наследните, работните односи со странски елемент, потоа да определат меродавно право за меницата и чекот, стечајот и облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај.<br>Покрај определувањето на меродавното право, студентите ќе се стекнат со знаења и вештини за определување на меѓународната судска надлежност. Дополнително, преку предметната програма меѓународно приватно право ќе се запознаат и со основите на меѓународната трговска арбитража, како современ, ајдудкативен начин на решавање на спорovите во меѓународните трговски трансакции. | | | | |
| 11. | Содржина на предметната програма:<br>Предметната програма меѓународно приватно право студентите ќе ја изучуваат низ призмата на поширокото гледиште за предметот на меѓународното приватно право. Најпрво, студентите ќе ги изучуваат вообичените прашања како поимот, предметот, методот, начинот на регулирање на граѓанскоправните односи со странски елемент и изворите. Потоа, како една од глобалните целини кои ќе ги изучуваат студентите е државјанството, во која ќе се изучуваат поимот, правната природа, начините на стекнување и на престанува на државјанството, судирот на државјанството, односно правната положба на апатридите и бипатридите. Како втора глобална целина која е предмет на изучување е правната положба на странците во територијалната држава, каде се изучуваат приватните права што ги имаат странците, условите под кои можат да ги користат, во кои односи можат да стапат како | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | субјекти, каква е правната положба на странските правни лица и во кои приватноправни односи можат да стапат странците на територијата на Република Северна Македонија. Како централни целини кои ја сочинуваат сржта на меѓународното приватно право се судирот на законите и судирот на јурисдикциите. Во делот во кој се изучува судирот на законите, предмет на анализа и обработка се колизионите норми, проблемите кои настануваат во примената на колизионите норми, како и отстапувањето од примената на меродавното странско право. Посебно се анализираат колизионите норми со кои се определува меродавното право за статусните, стварноправните, договорните, вондоговорните, семејните, наследните, работните односи со странски елемент, потоа да определат меродавно право за меницата и чекот, стечајот и облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај. Во однос на судирот на јурисдикциите, се изучуваат меѓународната надлежност, нејзините посебни видови, одделни процесно правни установи како меѓународната правна помош, легализацијата на странските јавни исправи и положбата на странците пред домашните судови. Во рамките на меѓународното приватно право, ќе се изучува и признавањето и извршувањето на странските судски (и арбитражни) одлуки, како и основните на меѓународното арбитражно право (поим на меѓународна трговска арбитража, предности на меѓународната трговска арбитража, правната природа на меѓународната трговска арбитража, арбитражната спогодба, видовите на меѓународна трговска арбитража и условите за признавање и извршување на странски арбитражни одлуки). | | | |
| 12. | Методи на учење:<br><br>Предметната програма по меѓународно приватно право ќе се реализира преку интерактивни предавања, семинари, консултации, анализа на случаи од судската практика и студија на случаи (mock case study). Методот на наставата треба да обезбеди активно вклучување на студентите во процесот на наставата и потикнување на нивното размислување. Студентите ќе добиваат конкретни задачи на кои ќе треба да работат и притоа, од страна на предметниот професор ќе бидат упатувани на соодветната литература и прописи кои ќе треба да ги користат. | | | |
| 13. | Вкупен расположив фонд на време | 140 | | |
| 14. | Распределба на расположивото време | 60+0+0+0+80 | | |
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1. | Предавања- теоретска настава | 60 часа |
| | | 15.2. | Вежби (лабораториски, аудиториумски), семинари, тимска работа | 0 |
| 16. | Други форми на активности | 16.1. | Проектни задачи | 0 |
| | | 16.2. | Самостојни задачи | 0 |
| | | 16.3. | Домашно учење – задачи | 80 часа |
| 17. | Начин на оценување | | | |
| | 17.1. | Тестови | 100 | |
| | 17.2. | Индивидуална работа/проект ( презентација: писмена и усна) | / | |
| | 17.3. | Активност и учество | / | |
| 18. | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | до 60 бода | 5 (пет) (F) | |
| | | 61 х до 67 бода | 6 (шест) (E) | |
| | | 68 х до 75 бода | 7 (седум) (D) | |
| | | од 76 до 83 бода | 8 (осум) (C) | |
| | | од 84 до 91 бода | 9 (девет) (B) | |
| | | од 92 до 100 бода | 10 (десет) (A) | |
| 19. | Услов за потпис и за полагање завршен испит | 1. Присуство на настава од 51%; | | |

<table>
<tr><td></td><td></td><td colspan="5">2. Положен влезен колоквиум (положил/не положил);</td></tr>
<tr><td>20.</td><td>Јазик на кој се изведува наставата</td><td colspan="5">Македонски јазик</td></tr>
<tr><td>21.</td><td>Метод на следење на квалитетот на наставата</td><td colspan="5">Евалуација и самоевалуација</td></tr>
<tr><td rowspan="14">22.</td><td colspan="6">Литература</td></tr>
<tr><td rowspan="5">22.1.</td><td colspan="5">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Реден број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Дескоски Тони<br>Доковски Вангел</td><td>Меѓународно приватно право</td><td>Правен факултет „Јустинијан Први„ во Скопје</td><td>2021</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Дескоски Тони<br>Доковски Вангел</td><td>Меѓународно приватно право (практикум)</td><td>Правен факултет „Јустинијан Први„ во Скопје</td><td>2019</td></tr>
<tr><td>3.</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="5">22.2.</td><td colspan="5">Дополнителна литература</td></tr>
<tr><td>Реден број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Tibor Varadi, Bernadet Bordaš, Gašo Knežević, Vladimir Pavić</td><td>Međunarodno privatno pravo</td><td>Pravni fakultet Univerziteta u Beogradu, Javno preduzeče “Službeni glasnik”</td><td>2008 година</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Brigss Adrian</td><td>The Conflict of Laws, Third Edition</td><td>Oxford University Press</td><td>2013 година</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>North P.M., Fawcet J.J. (editors)</td><td>Cheshire and North’s Private International Law, 14th Edition</td><td>Oxford University Press</td><td>2008 година</td></tr>
</table>